УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

UDC 81
UDC 82
UDC 008



ISSN: 2545-3998
DOI: 10.46763/palim

ПАЛИМПСЕСТ

МЕЃУНАРОДНО СПИСАНИЕ ЗА ЛИНГВИСТИЧКИ, КНИЖЕВНИ И КУЛТУРОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

PALIMPSEST

INTERNATIONAL JOURNAL FOR LINGUISTIC, LITERARY AND CULTURAL RESEARCH

PALMK, VOL 9, NO 18, STIP, 2024

ГОД. IX, БР. 18
ШТИП, 2024

VOL. IX, NO 18
STIP, 2024

П А Л И М П С Е С Т

Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања

P A L I M P S E S T

International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research

Год. 9, Бр. 18
Штип, 2024

Vol. 9, No 18
Stip, 2024

PALMK, VOL 9, NO 18, STIP, 2024

DOI: https://doi.org/10.46763/PALIM24918

ПАЛИМПСЕСТ
Меѓународно списание за лингвистички, книжевни
и културолошки истражувања

ИЗДАВА
Универзитет „Гоце Делчев“, Филолошки факултет, Штип

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
Ранко Младеноски

УРЕДУВАЧКИ ОДБОР
Виктор Фридман, Универзитет во Чикаго, САД
Толе Белчев, Универзитет „Гоце Делчев“, Македонија
Нина Даскаловска, Универзитет „Гоце Делчев“, Македонија
Ала Шешкен, Универзитет Ломоносов, Руска Федерација
Олга Панкина, НВО Македонски културен центар, Руска Федерација
Астрид Симоне Хлубик, Универзитет „Крал Михаил I“, Романија
Алина Андреа Драгоеску Урлика, Универзитет „Крал Михаил I“, Романија
Сунчана Туксар, Универзитет „Јурај Добрила“ во Пула, Хрватска
Саша Војковиќ, Универзитет во Загреб, Хрватска
Шандор Чегледи, Универзитет во Панонија, Унгарија
Ева Бус, Универзитет во Панонија, Унгарија
Хусејин Озбај, Универзитет Гази, Република Турција
Озтурк Емироглу, Универзитет во Варшава, Полска
Елена Дараданова, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Република Бугарија
Ина Христова, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Република Бугарија
Џозеф Пониах, Национален институт за технологија, Индија
Сатхарај Венкатесан, Национален институт за технологија, Индија
Петар Пенда, Универзитет во Бања Лука, Босна и Херцеговина
Данило Капасо, Универзитет во Бања Лука, Босна и Херцеговина
Мета Лах, Универзитет во Љубљана, Република Словенија
Намита Субиото, Универзитет во Љубљана, Република Словенија
Ана Пеличер-Санчез, Универзитет во Нотингам, Велика Британија
Мајкл Грини, Универзитет во Нотингам, Велика Британија
Татјана Ѓурин, Универзитет во Нови Сад, Република Србија
Диана Поповиќ, Универзитет во Нови Сад, Република Србија
Жан Пол Мејер, Универзитет во Стразбур, Република Франција
Жан Марк Веркруз, Универзитет во Артуа, Република Франција
Регула Бусин, Швајцарија
Натале Фиорето, Универзитет во Перуџа, Италија
Оливер Хербст, Универзитет во Вурцбург, Германија
Шахинда Езат, Универзитет во Каиро, Египет
Џулијан Чен, Универзитет Куртин, Австралија

PALIMPSEST
International Journal for Linguistic, Literary
and Cultural Research

PUBLISHED BY
Goce Delchev University, Faculty of Philology, Stip

EDITOR-IN-CHIEF
Ranko Mladenoski

EDITORIAL BOARD
Victor Friedman, University of Chicago, USA
Tole Belcev, Goce Delchev University, Macedonia
Nina Daskalovska, Goce Delchev University, Macedonia
Alla Sheshken, Lomonosov Moskow State University, Russian Federation
Olga Pankina, NGO Macedonian Cultural Centre, Russian Federation
Astrid Simone Hlubik, King Michael I University, Romania
Alina Andreea Dragoescu Urlica, King Michael I University, Romania
Sunčana Tuksar, Juraj Dobrila University of Pula, Croatia
Saša Vojković, University of Zagreb, Croatia
Sándor Czegledi, University of Pannonia, Hungary
Éva Bús, University of Pannonia, Hungary
Husejin Ozbaj, GAZİ University, Republic of Turkey
Öztürk Emiroğlu, University of Warsaw, Poland
Elena Daradanova, Sofia University "St. Kliment Ohridski", Republic of Bulgaria
Ina Hristova, Sofia University "St. Kliment Ohridski", Republic of Bulgaria
Joseph Ponniah, National Institute of Technology, India
Sathyaraj Venkatesan, National Institute of Technology, India
Petar Penda, University of Banja Luka, Bosnia and Herzegovina
Danilo Capasso, University of Banja Luka, Bosnia and Herzegovina
Meta Lah, University of Ljubljana, Republic of Slovenia
Namita Subiotto, University of Ljubljana, Republic of Slovenia
Ana Pellicer Sanchez, The University of Nottingham, United Kingdom
Michael Greaney, Lancaster University, United Kingdom
Tatjana Durin, University of Novi Sad, Republic of Serbia
Diana Popovic, University of Novi Sad, Republic of Serbia
Jean-Paul Meyer, University of Strasbourg, French Republic
Jean-Marc Vercruysse, Artois University, French Republic
Regula Busin, Switzerland
Natale Fioretto, University of Perugia, Italy
Oliver Herbst, University of Wurzburg, Germany
Chahinda Ezzat, Cairo University, Egypt
Julian Chen, Curtin University, Australia

РЕДАКЦИСКИ СОВЕТ
Луси Караниколова-Чочоровска
Толе Белчев
Нина Даскаловска
Билјана Ивановска
Светлана Јакимовска
Марија Леонтиќ
Јована Караникиќ Јосимовска
Натка Јанкова-Алаѓозовска

ЈАЗИЧНО УРЕДУВАЊЕ
Ранко Младеноски (македонски јазик)
Весна Продановска (англиски јазик)
Толе Белчев (руски јазик)
Билјана Ивановска (германски јазик)
Марија Леонтиќ (турски јазик)
Светлана Јакимовска (француски јазик)
Јована Караникиќ Јосимовска (италијански јазик)

ТЕХНИЧКИ УРЕДНИК
Славе Димитров

АДРЕСА
ПАЛИМПСЕСТ
РЕДАКЦИСКИ СОВЕТ
Филолошки факултет
ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А
п. фах 201
МК-2000 Штип

http://js.ugd.edu.mk/index/PAL

Меѓународното научно списание „Палимпсест“ излегува двапати годишно во печатена и во електронска форма на посебна веб-страница на веб-порталот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип: http://js.ugd.edu.mk/index.php/PAL
Трудовите во списанието се објавуваат на следните јазици: македонски јазик, англиски јазик, германски јазик, француски јазик, руски јазик, турски јазик и италијански јазик.
Трудовите се рецензираат.

EDITORIAL COUNCIL
Lusi Karanikolova-Chochorovska
Tole Belcev
Nina Daskalovska
Biljana Ivanovska
Svetlana Jakimovska
Marija Leontik
Jovana Karanikik Josimovska
Natka Jankova-Alagjozovska

LANGUAGE EDITORS
Ranko Mladenoski (Macedonian language)
Vesna Prodanovska (English language)
Tole Belcev (Russian language)
Biljana Ivanovska (German language)
Marija Leontik (Turkish language)
Svetlana Jakimovska (French language)
Jovana Karanikik Josimovska (Italian language)

TECHNICAL EDITOR
Slave Dimitrov

ADDRESS
PALIMPSEST
EDITORIAL COUNCIL
Faculty of Philology
Krste Misirkov 10-A
P.O. Box 201
MK-2000, Stip

http://js.ugd.edu.mk/index/PAL

The International Scientific Journal "Palimpsest" is issued twice a year in printed form and online at the following website of the web portal of Goce Delcev University in Stip: http://js.ugd.edu.mk/index.php/PAL
Papers can be submitted and published in the following languages: Macedonian, English, German, French, Russian, Turkish and Italian language.
All papers are peer-reviewed.

СОДРЖИНА / TABLE OF CONTENTS

11 **ПРЕДГОВОР**
Астрид Симоне Хлубик, член на Уредувачкиот одбор на „Палимпсест“
FOREWORD
Astrid Simone Hlubik, member of the Editorial Board of “Palimpsest”

ЈАЗИК / LANGUAGE

15 **Jan Holeš**
QUELQUES OBSERVATIONS SUR LES NÉOLOGISMES TERMINOLOGIQUES FRANÇAIS CONTENANT *CYBER-*
Jan Holeš
SOME OBSERVATIONS ON FRENCH TERMINOLOGICAL NEOLOGISMS CONTAINING *CYBER-*

27 **Nadica Negrievska**
UN QUADRO GENERALE DEL VOCABOLARIO CALCISTICO ITALIANO E LA SUA APPLICAZIONE NELL’INSEGNAMENTO DELLA LINGUA ITALIANA COME LINGUA STRANIERA
Nadica Negrievska
AN OVERVIEW OF ITALIAN FOOTBALL LEXICON AND ITS ROLE IN TEACHING ITALIAN AS A FOREIGN LANGUAGE

39 **Doris Sava**
AGITATION GEGEN IMPFUNGEN. METAPHORISCHE KONZEPTUALISIERUNGEN DER IMPFFEINDLICHKEIT IN BLOG-KOMMENTAREN AUS DEM *STANDARD* (2021)
Doris Sava
AGITATION AGAINST VACCINATION. METAPHORICAL CONCEPTUALIZATIONS OF VACCINE HOSTILITY IN BLOG COMMENTS FROM *THE STANDARD* (2021)

51 **Ferdi Güzel**
ESKİ TÜRKÇE *ARKA-* “ARAMAK…” FİİLİ VE ANLAM ALANI ÜZERİNE NOTLAR
Ferdi Güzel
NOTES ON THE OLD TURKISH VERB ARKA- “TO SEEK…” AND ITS SEMANTIC FIELD

61 **Виолета Јанушева, Марија Стојаноска**
ОБРАЌАЊЕТО И МАКЕДОНСКИОТ РОДОВО ЧУВСТВИТЕЛЕН ЈАЗИК
Violeta Janusheva, Marija Stojanoska
ADDRESSING AND MACEDONIAN GENDER SENSITIVE LANGUAGE

71 **Erëza Rushiti**
AMERICAN VS. BRITISH ENGLISH: A STUDY OF GRAMMATICAL, VOCABULARY, AND SPELLING DIFFERENCES

КНИЖЕВНОСТ / LITERATURE

83 **Марија Ѓорѓиева-Димова**
НИЗ ШУМИТЕ НА ИСТОРИЈАТА СО ДВОГЛЕДОТ НА ФИКЦИЈАТА
Marija Gjorgjieva-Dimova
THROUGH THE FORESTS OF HISTORY WITH THE BINOCULARS OF FICTION

95 **Весна Кожинкова**
ОТСУТНОТО И ТУЃОТО ВО ЗЕМЈАТА НА БЕГАЛЦИТЕ
Vesna Kozhinkova
THE ABSENT AND THE OTHER IN THE LAND OF THE REFUGEES

105 **Софија Иванова, Ранко Младеноски**
СИНОНИМНИТЕ ЛИКОВИ СО АКТАНТНА ФУНКЦИЈА НА ПОМОШНИЦИ ВО МАКЕДОНСКАТА ДРАМА ОД ПРВАТА ПОЛОВИНА НА 20 ВЕК
Sofija Ivanova, Ranko Mladenoski
THE SYNONYMOUS CHARACTERS WITH THE ACTING FUNCTION OF HELPERS IN THE MACEDONIAN DRAMA FROM THE FIRST HALF OF THE 20TH CENTURY

117 **Şerife Seher Erol Çalışkan**
KUZEY MAKEDONYA TÜRKLERİNDE OLAĞANÜSTÜ İNANÇLAR ve BUNA BAĞLI OLARAK ORTAYA ÇIKAN UYGULAMALAR
Şerife Seher Erol Çalışkan
EXTRAORDINARY BELIEFS IN THE TURKS OF NORTH MACEDONIA AND THE PRACTICES THAT ARISE RELATED TO THEM

127 **Müge Bayraktar**
BARTIN EPÇİLER KÖYÜ "SU KIZI" MEMORATININ HALKIN YAŞAYIŞINA ETKİSİ
Müge Bayraktar
BARTIN EPÇILER VILLAGE "SU KIZI" MEMORAT'S INFLUENCE ON THE LOCAL WAY OF LIFE

137 **Petek Ersoy İnci**
İZMİR'DE YAŞAYAN MAKEDONYALI GÖÇMENLERDE ÇEYİZ GELENEĞİ VE DÖNÜŞÜMÜ
Petek Ersoy Inci
DOWRY TRADITION AND TRANSFORMATION IN MACEDONIAN IMMIGRANTS LIVING IN IZMIR

149 **Luisa Emanuele**
CHRISTIANA DE CALDAS BRITO: TRA *SAUDADE* E *ARTE DEL ROVESCIO*
Luisa Emanuele
CHRISTIANA DE CALDAS BRITO: BETWEEN *SAUDADE* AND *REVERSE ART*

159 **Valbona Kalo**
DIALOGUE THROUGH BALLADS: CONSTRUCTING MEANING IN BALKAN ORAL TRADITION

КУЛТУРА / CULTURE

173 **Ekaterina Namicheva-Todorovska, Petar Namichev, Aleksandra Jovanovska Hnida**
RETEX AND GUERILLA DESIGN AS PROMOTERS OF SUSTAINABILITY

МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА / TEACHING METHODOLOGY

185 **Blagojka Zdravkovska-Adamova, Suada A. Dzogovic, Aleksandra P. Taneska**
APPLICATION OF STANDARDS-BASED ASSESSMENT FOR CRITICAL THINKING SKILLS DURING LANGUAGE ACQUISITION

197 **Branka Grivčevska**
GLI ASPETTI GRAMMATICALI NEI MANUALI DI ITALIANO LS, LIVELLO B1 IN USO NELLE SCUOLE SUPERIORI NELLA MACEDONIA DEL NORD
Branka Grivčevska
GRAMMATICAL ASPECTS IN ITALIAN L2 TEXTBOOKS, LEVEL B1, USED IN HIGH SCHOOLS IN NORTH MACEDONIA

209 **Afrim Aliti, Brikena Xhaferi**
EFL STUDENTS' ATTITUDES TOWARD THE USE OF PODCASTS AS A LANGUAGE LEARNING MEDIUM TO INCREASE LEARNING INTEREST

221 **Marisa Janku, Livia Xhango**
INTERKULTURELLE KOMMUNIKATION IM DAF-UNTERRICHT: EVALUATION UND SELBSTREFLEXION EINER INTERKULTURELLEN UNTERRICHTSSEQUENZ
Marisa Janku, Livia Xhango
INTERCULTURAL COMMUNICATION IN GERMAN LESSON: EVALUATION AND SELF-REFLECTION ON AN INTERCULTURAL TEACHING SEQUENCE

233 **Admira Nushi, Daniel Leka**
INTERKULTURELLE DIDAKTIK MIT FEDERICO GARCÍA LORCAS POESIE: PRAKTISCHE ANWENDUNGEN IM UNTERRICHT

Admira Nushi, Daniel Leka
INTERCULTURAL DIDACTICS IN THE POETRY OF FEDERICO GARCÍA LORCA: PRACTICAL APPLICATION IN THE CLASSROOM

ПРИКАЗИ / BOOK REVIEWS

247 **Марија Гркова-Беадер**
ВОКАБУЛАРОТ – НАЈВАЖНАТА И НАЈТЕШКАТА ЗАДАЧА ПРИ УСВОЈУВАЊЕ НА СТРАНСКИОТ ЈАЗИК
Marija Grkova-Beader
VOCABULARY – THE MOST IMPORTANT AND MOST DIFFICULT TASK IN LEARNING A FOREIGN LANGUAGE

255 **Kalina Maleska**
ECOCRITICISM: EXPLORING THE NON-HUMAN WORLD IN AVRAMOVSKA'S NOVEL *ВОДНИ ТЕЛА*

ДОДАТОК / APPENDIX

265 ПОВИК ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ТРУДОВИ
ВО МЕЃУНАРОДНОТО НАУЧНО СПИСАНИЕ „ПАЛИМПСЕСТ“

CALL FOR PAPERS
FOR THE INTERNATIONAL SCIENTIFIC JOURNAL "PALIMPSEST"

UDC 811.163.3’367.622’366.522]:316.774

DOI: https://doi.org/10.46763/PALIM2491861j

Оригинален научен труд
Original research paper

ОБРАЌАЊЕТО И МАКЕДОНСКИОТ РОДОВО ЧУВСТВИТЕЛЕН ЈАЗИК

Виолета Јанушева
Педагошки факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Битола
violeta.januseva@uklo.edu.mk

Марија Стојаноска
Педагошки факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Битола
marija.stojanoska@uklo.edu.mk

Апстракт: Во последните години, прашањето за родово чувствителниот јазик (РЧЈ) станува предмет на интерес на голем број светски и домашни истражувања, што покажуваат дека неговата употреба ги намалува родовите стереотипи и ја зголемува родовата еднаквост меѓу мажите и жените. Во оваа смисла, особено важна улога имаат медиумите.

Ова квалитативно истражување се насочува кон испитување на употребата на формите за обраќање со именки што именуваат професија/функција кон лица од женски пол, а целта е да се согледа начинот на кој се воспоставува контактот, односно употребата на овие именки при обраќање кон лица од женски пол. Примерокот го претставуваат 10 електронски видеоинтервјуа со јавни личности достапни на платформата Јутјуб (YouTube), а во основата на анализата, се кодирањето и квалитативниот интерпретативно-индуктивен метод.

Од резултатите се гледа дека во овие видеоинтервјуа, има форми за обраќање со именки што именуваат професија/функција од женски и од машки род и со вокативна форма или без неа. Оттука, може да се заклучи дека почнува сè повеќе да расте свеста за потребата од РЧЈ за да се зголеми видливоста на жените во општеството, а во исто време, се актуализира и употребата на вокативната форма.

Клучни зборови: *РЧЈ, обраќање, видеоинтервјуа*.

1. Вовед

Кога се зборува за РЧЈ, од особено значење е да се направи разлика меѓу поимите пол и род што често се сметаат за синоними. Од укажувањето на Дајмонд (Diamond, 2002) дека полот се однесува на биолошките карактеристики на луѓето, произлегува дека полот на една личност е утврден при раѓањето, а тоа значи дека полот е вродена карактеристика. Од друга страна, како што тврдат Агиус и Тоблер (Agius & Tobler, 2012), родот се однесува на општественото сфаќање за одредени однесувања што се сметаат

за машки или женски, што значи дека општеството им наметнува на луѓето улоги што се сфаќаат како машки или женски. Значајно е што Спендер (Spender, 1980) истакнува дека општествената нееднаквост меѓу жените и мажите се одразува и преку јазикот. Оваа општествена нееднаквост преку јазикот се согледува и во формите за обраќање што, во голема мера, ги одразуваат културолошките карактеристики на дадена говорна заедница и припаѓаат на комуникациската компетенција на зборувачите на еден јазик.

Во македонскиот јазик, во однос на РЧЈ, формите за обраќање речиси и не се истражувани. Оттука доаѓа и мотивот за ова истражување што ја испитува употребата на РЧЈ во десет видеоинтервјуа при обраќање кон лица од женски пол со цел да се согледа начинот на кој се воспоставува непосредниот контакт, односно употребата на формите за обраќање со именките што именуваат професии/функции кон лица од женски пол, а преку тоа, и свеста за употребата на РЧЈ во македонски контекст. Анализата на податоците се заснова на кодирањето и на интерпретативно-индуктивниот метод.

Одредено ограничување на ова истражување може да се бара во малиот број единици што го сочинуваат примерокот. Но, ако се знае дека во квалитативните истражувања, примерокот е обично помал и дека, сепак, може да се добие една општа слика за употребата на РЧЈ, тогаш е јасно дека со малиот број единици на примерокот, не се намалува научната вредност на истражувањето.

2. Поширок истражувачки контекст

Во светски рамки, има многу истражувања поврзани со РЧЈ од различни аспекти. Тод-Манцилас (Todd-Mancillas, 1980) утврдува генеричка употреба на машкиот род кај именките и поголема употреба на заменките во трето лице еднина за машки род што, според Градол и Сван (Graddol & Swann, 1989), придонесува за дискриминација врз основа на полот. Камерон (Cameron, 2005) и Сандерленд (Sunderland, 2006) истакнуваат дека ваквата употреба го прикажува светот од машка перспектива, ги деградира жените и ги прави невидливи. Гигакс, Габриел, Сарасин, Оакхил и Гарнхам (Gygax, Gabriel, Sarrasin, Oakhill & Garnham, 2008) забележуваат дека именките кои именуваат професии или функции често се поврзуваат со лица од машки пол и повторно укажуваат на генеричката употреба на машкиот род. Родовата нерамноправност изразена преку јазикот ја потврдува и Холмс (Holmes, 2013) и ја поврзува со негативните ставови кон жените.

Во македонски контекст, прашањата за РЧЈ најчесто се поврзуваат со различни анализи на документи, прирачници и извештаи во кои се укажува на дискриминацијата на жените преку јазикот и се потврдува дека навиката е главната причина за употребата на формите за генерички машки род (Ѓуровска-Брајовиќ, 2010; Галевски, 2014; Ивановска и Димитровска, 2015; Петровски, 2016; Мицевски, 2019; Тунева и Аврамоска-Нушкова, 2020; Ристеска, 2020; Симоновска, 2020; Џелили, 2020; Хуремовиќ, 2020; Колбе,

2020; Дамчевска, 2020; Величковска, 2020; Мартиноска, 2020; Петровска, 2021). Покрај тоа, Јанушева (Janusheva, 2023) открива дека во јазиците со граматички род, како што е македонскиот, многу од именките што именуваат професија/функција се користат само во генерички машки род, иако се однесуваат на лица од двата пола и дека нема никаква пречка да се создадат именки од женски род со домашни зборообразувачки наставки, особено со наставката -(*ин*)*ка*. Во слична насока е и истражувањето на Јанушева и Стојаноска (2023), што укажува дека РЧЈ е моќна алатка за намалување на асиметричниот однос на моќ меѓу жените и мажите и дека медиумите се силен фактор за промоција на РЧЈ.

Во однос на формите за обраќање, во светски и домашни рамки, исто така, има голем број истражувања, што покажуваат дека изборот на формите за обраќање зависи од времето, општествените услови, конкретната ситуација, односот меѓу соговорниците и намерите на зборувачот и дека тој се поврзува со културолошкиот контекст (Конески, 1967; Марков, 1985; Марфи – Murphy, 1988; Браун – Braun, 1988; Минова-Ѓуркова, 2000; Тантуровска, 2002; Јанушева и Стојаноска, 2019). На пример, некои студенти не употребуваат форми за обраќање кога се обраќаат до предавачите (Мекинтајер – McIntire, 1972), а во Гана, при обраќањето, се користат титули, роднински и лични имиња или прекари (Афул и Мвинлару – Afful & Mwinlaaru, 2012), но и титула + презиме (Азиаку – Aziaku, 2021).

3. Методологија на истражувањето

Во ова квалитативно истражување, истражувачкото прашање е: Каква форма на именката што именува професија/функција се употребува при обраќање кон лица од женски пол со цел да се согледаат начинот на кој се воспоставува контактот со соговорничката и свесноста за родовите прашања поврзани со јазикот. Примерокот е составен од 10 електронски видеоинтервјуа со јавни личности (докторки, професорки, политичарки) достапни на платформата Јутјуб (YouTube), спроведени во периодот од 2018 до 2024 г. Според тоа, создаден е корпус од видеоинтервјуа што се согласува со ставот на Харди (Hardie, 2016) за потребата од корпус според потребите на истражувачот. Примерокот е целен и се согласува со ставовите на Линколн и Губа (Lincoln & Guba, 1985) дека секој примерок се одбира за одредена цел. Изборот на примерокот е во склад со ставовите на Мејсон (Mason, 2002) и Јин (Yin, 2011) за тоа што може да бидат единици на примерокот.

Анализата се заснова на кодирањето. Видеоинтервјуата се внимателно преслушани, транскрибирани и кодирани со протокол за кодирање што се потпира на моделот за кодирање на Крабтри и Милер (Crabtree & Miller, 1999). Анализата се темели и на општиот квалитативен интерпретативно-индуктивен метод користен од Хардинг и Витхед (Harding & Whitehead, 2016), што не следи формална методолошка рамка и го нагласува индуктивното размислување за создавање идеи од собраните податоци.

4. Анализа, резултати и дискусија

По транскрипцијата на видеоинтервјуата, протоколот за кодирање покажува три модели за обраќање кон лица од женски пол со именките што именуваат професија/функција.

4.1. *Обраќање со именки што именуваат професија/функција во женски род и во вокативна форма*

*Владата е влада, **градоначалничке,** ама парите се пари...* (Сител ТВ, 21.8.2024).

***Професорке**, со оглед на тоа што ни истече времето...* (Телма ТВ, 12.3.2024).

***Градоначалничке**, ова е мандатот на...* (Сител ТВ, 21.8.2024).

*Добро, **министерке**, не е контрадикторна тезата со линеарниот раст на пензиите...* (Сител ТВ, 12.8.2024).

***Претседателке**, благодарам што ја прифативте нашата покана...* (Канал 5 ТВ, 4.7.2024).

***Градоначалничке**, Ви благодарам што сте тука...* (Сител ТВ, 21.8.2024).

***Професорке**, благодарам што ја прифативте поканата...* (Канал 5 ТВ, 28.3.2024).

***Претседателке**, Вашиот мандат почна бурно...* (Канал 5 ТВ, 4.7.2024).

***Градоначалничке**, Вие Вашата платформа ја вкрстивте со...* (Сител ТВ, 21.8.2024).

***Професорке**, ова Ви е втор обид да се кандидирате за претседател на државата...* (Канал 5 ТВ, 28.3.2024).

***Претседателке,** знаете дека во меѓународните односи...* (Канал 5 ТВ, 4.7.2024).

Обвинителке, со *Вашиот* став и со она што се случуваше... (Телма ТВ, 27.12.2023).

***Професорке Ванковска**, Вашето име сега и официјално е на гласачкото ливче...* (Канал 5, 28.3.2024).

Во овие примери, именките што именуваат професија/функција се образувани со наставката *-ка*, што е најчеста наставка за образување именки од женски род од именките од машки род. Овие форми силно се препорачуваат во македонскиот јазик зашто до израз доаѓаат зборообразувачките можности на македонскиот јазик и зашто ја афирмираат видливоста на жените во општеството иако, според некои истражувачи (Тод-Манцилас, 1980; Гигакс и другите, 2008), тие се сфаќаат како вторични зашто се изведени од формите за машки род, што се сфаќаат како норма. Дополнително, во нив е употребена вокативната наставка *-е* што придонесува во зачувувањето на вокативните форми и нивното актуализирање. Во дел од примерите, именката што именува професија/функција од женски род е проследена со глаголски и/или заменски форми во 2. лице множина. Глаголските и заменските форми

сугерираат на дистанцираност меѓу соговорниците, што е природно во официјални ситуации и се согласува со резултатите од истражувањата на Браун (1988), Марфи (1988), Минова-Ѓуркова (2000) и Стојаноска и Јанушева (2019).

Оттука е јасно дека јазикот во електронските медиуми придонесува слушателите да бидат повеќе изложени на овие форми, што поттикнува нивно зацврстување во јазичната свест како норма, а тоа значи и нивна поширока употреба.

4.2. *Обраќање со именки што именуваат професија/функција во општа форма, без вокативна наставка*

***Докторка**, ќе го начнеме и тој момент...* (Сител ТВ, 13.2.2023).

***Докторка**, малку излеговме надвор од семејството меѓутоа...* (Сител ТВ, 13.2.2023).

Во двата примери, наместо вокативната форма, се користи општата форма на именката што именува професија/функција. Јасно е дека ваквите примери не придонесуваат за развивање на свеста за РЧЈ и за афирмација на вокативните форми и, за среќа, барем во анализираниот материјал, тие се во мал број.

4.3. *Обраќање со именка што именува професија/функција во машки род + име или презиме:*

***Доктор Папестиев**, добре дојдовте во Добриот доктор* (Сител ТВ, 11.9.2024).

***Доктор Папестиев**, освен ПАП-от, кога ЦИН 1 ќе се појави...* (Сител ТВ, 11.9.2024).

***Доктор Зенделовска** добар ден, Ви благодарам што сте дел од денешното издание на емисијата* (Сител ТВ, 10.9.2024).

***Доктор Зенделовска**, ми остави впечаток на почетокот од Вашето излагање...* (Сител ТВ, 10.9.2024).

***Доктор Минова**, еве за почеток, кога се појавуваат бенки на кожата?* (Сител ТВ, 13.9.2024).

***Доктор Минова**, како изгледаат тие израстоци на кожата...* (Сител, 13.11.2024).

*Добар ден, **доктор Виолета**, малку згрешив во Вашето претставување за...* (Канал 5, 14.11.2018).

***Доктор Виолета**, во поглед на дијагностичките процедури кои се овде потребни...* (Канал 5, 14.11.2018).

Во првите два примери се употребува формата на именката што именува професија/функција во машки род + презимето. Значи, се употребува генеричка форма на именката од машки род. Имајќи предвид дека во овие примери станува збор за лице од женски пол, очигледен е судирот

меѓу граматичкиот род и полот на личноста, односно синтагмата *доктор Пајестиев* може да се сфати како да се однесува на лице од машки пол. Следните четири примери, исто така, покажуваат судир помеѓу граматичкиот род и полот, бидејќи формата на именката за професијата не се совпаѓа со формата на презимето, од граматичка гледна точка, што се согласува со резултатите од истражувањето на Јанушева (2023). Генеричката употреба на машкиот род за именување професии за двата пола придонесува за губење на вокативните форми и ја намалува видливоста на жените во општеството, што е забележано и во истражувањето на Дамчевска (2020). Во последните два примери, е употребена формата на именката што именува професија во машки род проследена со личното име. Овој модел ги потврдува заклучоците од истражувањето на Тантуровска (2002), што забележува дека личното име често се користи за обраќање кон повозрасни лица или кон оние со поголема општествена моќ.

5. Заклучок

Ако се земе предвид влијанието на медиумите, станува очигледно дека употребата на вокативни форми за обраќање со именки што именуваат професија или функција во женски род придонесува за формирање на позитивен став кон нив во јавноста. Поголемата изложеност на овие форми, секако, поттикнува нивна поширока употреба и полесно прифаќање во секојдневната комуникација.

Библиографија

Кирилица

Дамчевска, В. (2020). *Имаме жени филозофи, ама за нив немаме именка од женски род*. Нова Македонија, 4.3.2020, https://rb.gy/5oedu2, пристапено на 9.1.2024.

Ѓуроска-Брајовиќ, З. (2010). *Свесност за родовите стереотипи...* (eurogender.eige.europa.eu). Скопје: Европски институт за родова еднаквост.

Ивановска, Ф., Димитровска, Н. (2015). *Прирачник за родова демократија за врснички едукатори*. Скопје: Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, https://rb.gy/twyb8a, пристапено на 10.1.2024.

Јанушева, В., & Стојаноска, М. (2019). Категоријата обраќање во телевизиските емисии во македонскиот стандарден јазик. *Зборник од Меѓународната научна конференција: „Јазикот и културата – состојби и предизвици“* (95–106). Скопје: Институт за македонски јазик „К. Мисирков“.

Конески, Б. (1967). *Граматика на македонскиот јазик*. Скопје: Култура.

Марков, Б. (1985). *Проблемот на обраќањето кон другите лица*. Предавања на 17. семинар за македонски јазик, литература и култура. Скопје, Охрид.

Минова-Ѓуркова, Л. (2000). *Синтакса на македонскиот стандарден јазик*. Скопје: Магор.

Мицевски, И. (2019). *Родот во медиумите: Анализа на родовите аспекти во програмите за деца на националните терестријални телевизии*. Скопје: АВМУ.

Петровска, А. (2021). *Борба за елиминирање на родовите стереотипи во учебниците*. ПИНА.

Петровски, Д. (2016). *Родово сензитивни политики и практики за менаџмент*

со човечките ресурси по примерот на светските ИКТ компании. Македонска асоцијација за човечки ресурси, https://rb.gy/sknxu8, пристапено на 9.1.2024.

Ристеска, М. (2020). *Прирачник за комуникација на координатори/ки за еднакви можности на жените и мажите во единиците на локалната самоуправа*. Скопје: ЗЕЛС, https://tinyurl.com/yf5cjfsp, пристапено на 11.1.2024.

Симоновска, С. (2020). *Анализа за присуство на родови стереотипи во наставни материјали на македонски наставен јазик со препораки за носители на одлуки*. Скопје: Институт за човекови права.

Стојаноска, М., & Јанушева, В. (2023). Македонски родово чувствителен јазик. *Палимпсест, 15*, 95–105. Штип: Универзитет „Гоце Делчев", Филолошки факултет.

Тантуровска, Л. (2002). Обраќањето и политичките промени. *Македонски социолингвистички и филолошки теми* (233–240). Скопје: Институт за македонски јазик „К. Мисирков".

Тунева, М., Аврамоска-Нушкова, А. (2021). *Прирачник за родово сензитивно известување во медиумите.* Скопје: ХОПС – Опции за здрав живот, https://rb.gy/0kov2w, пристапено на 6.1.2024.

Хуремовиќ, Л. (2020). *Користење на родово чувствителен јазик во медиумите*. Балканмедија, https://rb.gy/83d08f, пристапено на 5.1.2024.

Џелили, А. (2020). *Родово сензитивни комуникациски практики на компаниите во Република Македонија: економски, комуникациски и социолошки аспекти.* Докторска дисертација. Скопје: Универзитет „Св.Кирил и Методиј", Правен факултет „Јустинијан Први".

Латиница

Afful, J. B. A., & Mwinlaaru, I. N. (2012). When sir and madam are not: Address terms and reference terms students use for faculty in a Ghanaian University. *Sociolinguistic Studies*, 6, 491–517. https://doi.org/10.1558/sols.v6i3.491.

Agius, S., & Tobler, C. (2012). *Trans and intersex people: discrimination on the grounds of sex, gender identity and gender expression*. Luxembourg: Office for Official Publications of the European Union.

Aziaku, A. L. (2021). Address terms in classroom discourse: a case of University of Cape Coast students in Ghana. *Open Journal of Modern Linguistics,* 11, 497–510. 10.4236/ojml.2021.113037.

Braun, F. (1988). *Terms of address: problems of patterns and usage in various languages and cultures.* Berlin: Mouton de Gruyter.

Butler, J. (1988). Performative acts and gender constitution: an essay in phenomenology and feminist theory. *Theatre Journal, 40*(4), 519–531.

Cameron, D. (2005). Language, gender and sexuality: current issues and new directions, *Applied Linguistics* 26/4, 482–502.

Crabtree, B., & Miller, W. (1999). *Doing qualitative research*, *2nd ed*. London: Sage.

Diamond, M. (2002). Sex and gender are different: Sexual identity and gender identity are different. *Clinical Child Psychology and Psychiatry*, 7(3), 320–334.

Graddol, D., & Swann, J. (1989). *Gender voices*. Oxford: Blackwell.

Gygax, P., Gabriel, U., Sarrasin, O., Oakhill, J., & Garnham, A. (2008). Generically intended, but specifically interpreted: When beauticians, musicians and mechanics are all men. *Language and Cognitive Processes*, 464–485.

Harding, T., & Whitehead, D. (2016). Analyzing data in qualitative research. In: Schneider, Z. & Whitehead (eds.), *Nursing and midwifery research: methods and appraisal for evidence-based practice*, 5th ed., ch. 8. Elsevier.

Holmes, J. (2013). *An introduction to sociolinguistics* 4th ed. Routledge.

Janusheva, V. (2023). The gender-specific nouns denoting profession/role: The Macedonian case. *A Journal on Language and Language Learning, 26*(1), 115–133. https://doi.org/10.24071/llt.v26i1.5645.

Lincoln, S. Y., & Guba, E. (1985). *Naturalistic Enquiry*. Beverly Hills, CA: Sage.

McIntire, M. L. (1972). Terms of Address in an Academic Setting. *Anthropological Linguistics, 14*, 286–291.

Murphy, G. L. (1988). Personal reference in English. *Language in Society, 17,* 317–349. https://doi.org/10.1017/S0047404500012938.

Spender, D. (1980). *Man made language*. London: Routledge and Paul.

Sunderland, J. (2006). *Language and gender, an advanced resource book*. Series eds. C. N. Candlin & R. Carter. Routledge Applied Linguistics. Routledge.

Todd-Mancillas R. W. (1980). *Man-linked words and masculine pronouns: A review of literature and implication for speech and communication teachers and researchers.* Department of Human Communication Rutgers University.

Wood, J. T. (2007). *Gendered lives: Communication, gender and culture.* Belmont, Calif: Wadsworth Pub.

Yin, K. R. (2011). *Qualitative research from start to finish.* The Guilford press.

Ексцерпти (видеоинтервјуа)

Магазин Здравје: Д-р Сања Васовиќ – системски семеен советник, 13.2.2023: https://www.youtube.com/watch?v=K78AHk5-r7k&t=2430s

Интервју на д-р Виолета Бучковска за Канал 5 на тема дијабетесот и заштитата на очите, 14.11.2018: https://www.youtube.com/watch?v=I3Nb495HCsc

„Само интервју“ со Гордана Сиљановска-Давкова, 4.7.2024: 1 дел - https://www.youtube.com/watch?v=J0hl_nyqJQI, 2 дел - https://www.youtube.com/watch?v=x1HLfnCR_0k&t=91s

Тема на денот со Данела Арсовска, градоначалник на Град Скопје, 21.8.2024: https://www.youtube.com/watch?v=KgRjTZRVoCg&t=947s

Тема на денот со Гордана Димитриеска-Кочоска, министерка за финансии, 12.8.2024: https://www.youtube.com/watch?v=ciKgS80Fh7s

Топ тема интервју со претседателскиот кандидат на Левица професорката Билјана Ванковска, 12.3.2024: https://www.youtube.com/watch?v=Yzi2BMjrp6o&t=2s

Добриот доктор: Како преку исхрана да ја подобрите концентрацијата?, 10.9.2024: https://www.youtube.com/watch?v=yn4TpFuxX6o

Добриот доктор: Што значат и колку се опасни ЦИН промените? – проф. д-р Ирена Алексиоска Папестиев, 11.9.2024: https://www.youtube.com/watch?v=089fN8e_mCg

Добриот доктор: Зошто се појавуваат бенки на кожата? – д-р Емилија Минова, дерматолог, 13.11.2024: https://www.youtube.com/watch?v=9IPFaNwiUvo

Интервју со обвинителката Лидија Раичевиќ, Телма ТВ, 27.12.2023: https://www.youtube.com/watch?v=_trguH63FhY

Violeta Janusheva
St. Kliment Ohridski University, Bitola

Marija Stojanoska
St. Kliment Ohridski University, Bitola

Addressing and Macedonian Gender Sensitive Language

Abstract: In the recent years, the gender sensitive language (GSL) issues become an interest topic in substantial amount of domestic and foreign research, which indicates that its usage reduces the gender stereotypes and increases the gender equality between man and women. In this sense, the role of the media is especially important.

This qualitative research is oriented toward the use of the forms for addressing with nouns that denotes profession/function towards females, with the aim to perceive the way the contact with a female interlocutor is established, i.e. the use of these nouns when address a females. The sample consists of 10 video interviews with public females (doctors, professors, politicians) which are available on Youtube, and the analysis rests upon the coding and the qualitative-interpretative method.

The results showcase that there are forms for addressing females with nouns denoting profession/function, both in feminine and masculine with the vocative form or without it. Therefore, it may be concluded that the awareness for the need of the gender sensitive language is enlarged in order to increase the women's visibility in the society and in the same time the use of the vocative forms is actualized.

Keywords: *GSL; addrressing; video interviews*.

ГОД. IX
БР. 18

ПАЛИМПСЕСТ

PALIMPSEST

VOL. IX
NO 18

